John Blanchard

# СУДБИНСКИ ПРАШАЊА

Љубители на Христијанското Евангелие во Република Македонија

2017 година



Животот е полн со прашања. Некои од нив се безначајни, некои се посериозни – а некои се од огромно значење.

Додека ги читаш овие редови, можеби и ти имаш некои прашања поврзани со твоето здравје, твојата финансиска состојба, работното место, семејството или иднината.

Сепак, најважните и најсуштествени прашања се оние кои се однесуваат на Бог и твојот однос кон Него. Во животот нема ништо поважно од ова! Тоа што луѓето обично го посакуваат е добро здравје, финансиската стабилност, сигурно работно место, задоволно семејство и надежна иднина. Но, овие нешта се привремени, па и бесцелни, доколку немаш жив однос со Господ; однос којшто е сосема јасен и сигурен, и кој ќе биде вечен.

На овие страници ќе откриеш зошто таквиот однос е толку итно неопходен и како е тој можен!

Прашањата кои следат се најсериозните и најважните што еден човек може да ги постави. А одговорите на нив му се неопходни на секого!

Те молам, прочитај ги овие страници целосно и внимателно и ако е потребно повеќе пати!

Не дозволувај да ја промашиш нивната порака!



# Има ли некој таму?

Ова е најтемелното прашање. Ако Бог не постои, тогаш бесмислено е трагањето по Него. „Секој кој сака да дојде кај Него треба да верува дека Тој постои“ (Евреите 11:6). Иако е невозможно ‘да се докаже’ Бог во математичка смисла, доказите се многу уверливи.

Да го земеме за пример постоењето на вселената. Да се смета дека е резултат на ‘случајност’, покренува многу прашања, а не одговара ниту на едно од нив! Истото важи и за теоријата за ‘Големата експлозија’ (Big Bang). Од каде, на пример, потекнале почетните материјали? Дури ни Big Bang не може да произведе нешто од ништо! Еволуционистичката идеја е широко распространета, но и со истите слабости; како е воопшто можно ‘ништо’ да еволуира во ‘нешто’, а и да не зборуваме за чудесно сложените форми на живот на земјата.

И сите други теории се еднакво кревки. Единственото објаснување кое задоволува е следното: „Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата“ (Битие 1:1). Нашиот свет не е случаен производ на некоја голема и среќна околност од состојки кои ‘од секогаш си биле таму’. Напротив, „Вселената беше создадена преку Божја заповед, така што тоа што е видливо беше создадено од невидливото“ (Евреите 11:3). Создавањето на светот има свој почеток, и Бог е тој што го создаде. „Тој проговори и тоа настана; Тој заповеда и се создаде!“ (Псалм 33:9).

Ова е поткрепено со постоењето чудесен ред и умисла, воочливи насекаде и преку универзалните закони кои одржуваат сè, од пространата вселена, до микроорганизмите. А умислата подразбира постоење на конструктор, законите законодател – а Бог е и едното и другото! „Бог, којшто го создаде светот и сè што е во него, е Господ на небото и на земјата!“ (Дела 17:24).

Но, најсилниот доказ е самиот човек. За разлика од животните, човекот има нешто што го нарекуваме ‘личност’; способен е да расудува, поседува совест и може да да го разликува доброто од злото. Може да љуби и да сочувствува. А над сè, има инстинкт за обожување. Како ги добил овие квалитети? Ниту еволуцијата, ниту лавина од случајности не би можеле да ги произведат. Најјасниот одговор е следниот: „Господ Бог го создаде човекот од земен прав и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа!“ (Битие 2:7). Човекот не е случајност; тој е „чудесно создаден“ (Псалм 139:14) од Создателот на вселената.

